**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**==================================**

**Број 08 - 99/5**
**27/02/2023 година**
**Пласница**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ("Службен весник на РМ" бр. 51/20 и 172/21) и член 17 став 1 точка 3 и член 30 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пласница (“Службен гласник на општина Пласница” број 2/06), Советот на општина Пласница на седницата одржана на 27/02/2023 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2023 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2023 година број 08-615/4 од 23.12.2022 година објавена во (Службен гласник на општина Пласница бр.11/2022), во членот 10 став 4 текстот „до максимум 60% од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата” се брише.

### Член 2

Во членот 12 ставовите 1 и 2 се менуваат и истите гласат:

Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15.000 денари.

**Член 3**

Останатите членови од Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2023 година број 08-615/4 од 23.12.2022 година остануваат непроменети.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пласница".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**АМЕЛ РАМЕСКИ**